Македонска академија на науките и уметностите
Бул. „Крсте Мисирков“ 2, Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 02/3235-400; Факс: + 389 02/3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Date: 2020.10.28 09:58:09 +01'00'

арх. бр. 03-2692/1
28.10.2020 година

Врз основа на член 77 став 1 и 2 и член 55 став 1 алинеја г и став 6, член 57 став 6 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“, бр. 24/19), Известувањето на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии од 17.03.2020 за реализирање на јавни набавки по член 55 став 6 од Законот за јавните набавки и Одлуката за пренесување на дел од правата на наредбодател за потпишување на дел од документацијата во постапките за јавни набавки бр. 02-189/1 од 23.1.2020 година, ја донесувам следнава:

**ОДЛУКА**
**за јавна набавка**

1. Се утврдува потреба од јавна набавка на стоки со предмет *Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика за дијагностицирање на ковид-19*, согласно со техничката спецификација, прилог кон оваа одлука.

1.1 Предметот на набавка е делив на 32 (триесет и два) делови, како што е дефинирано во техничката спецификација, прилог кон оваа одлука.

2. Вкупната проценета вредност на набавката од точка 1 на оваа одлука без вклучен ДДВ изнесува 9.867.900 денари (девет милиони осумстотини шеесет и седум илјади и деветстотини денари), односно 11.619.097 денари (единаесет милиони шестотини и деветнаесет илјади и деведесет и седум денари) со вклучен ДДВ од 5 % и од 18 %.

2.1 Поединечно по делови проценетата вредност е прилог кон оваа одлука.

3. Плаќањето да се изврши од средствата обезбедени од сметките на буџетот на МАНУ, ставка 423.

4. Постапката за доделување договор за јавна набавка да се спроведе согласно со член 55 и член 57 став 1 и став 6 од ЗЈН.

5. Критериум за избор на најповолна понуда да биде најниска цена.

6. За спроведување на постапката од точка 4 на оваа одлука се формира Комисија во состав:

- Емилија Шукарова Стефановска, претседател
- Дијана Плашеска Каранфилска, Катерина Јанеска, членови
- Катарина Давалиева, заменик-претседател
- Ѓорѓи Божиновски, Сања Кипријановска, заменици-членови

При спроведувањето на постапката, Комисијата да постапува согласно со член 79 од Законот за јавните набавки и да изготви извештај од спроведената постапка со предлог за избор на најповолна понуда/поништување на постапката за доделување договор за јавна набавка.

7. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*: Договорниот орган утврди итна потреба од предметот на набавка поради зголемено тестирање на присуство на COVID-19 вирусот во ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“ при МАНУ со есенскиот бран, како и дадената насока од страна на Министерството за здравство за работа за време на викенди. Оваа јавна набавка ќе се спроведе како постапка со преговарање без објавување оглас, во согласност со Известувањето на Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии од 17.03.2020 за реализирање на јавни набавки по член 55 став 6 од Законот за јавните набавки, а со цел потребите да се задоволат во најкус можен рок без било какво одлагање.

Раководител на ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“,
доп. член Александар Димовски

Доставено до:
- Комисијата; и Архивата на МАНУ.

Изготвил: м-р Ана Соколовска
Контролирал: Биљана Костадинова Стојчевска